РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2144/3
27-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-3575/1 од 23.09.2021 година, оформен по доставена пријава на непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што по наводите од пријавата постапил друг надлежен орган и не констатирал неправилности.

Предметот со број 12-3575/1 од 23.09.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител-група родители, поднесена е пријава заведена под број 12-3575/1 од 23.09.2021 година по која е оформен предмет со наводи против директорот на Основното училиште „--------------------" - ---------, --------------- ----------------, поради вработување на својата ќерка која има завршено во Ребуплика Турција и диплома за која нема извршено нострификација, како и поради вработување на несоодветни кадри кои не го познавале јазикот и не се содветни да работат со нив. Во доставената пријава се наведува дека по однос на предметниот случај била доставена поплака до републичкиот инспектор за образование.

За проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до Државен просветен инспекторат на РСМ за доставување на податоци и информации со прилог документација по однос на тоа дали и како било постапено по горенаведената поплака, а доколку не е постапено, ДПИ да изврши вонреден инспекциски надзор да ја утврди фактичката состојба и достави поткрепувачка документација.

По барањето на ДКСК, во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации со документација и од увидот во обезбедената документација констатирано е дека Државниот просветен инспекторат, по барање на ДКСК, извршил

вонреден инспекциски надзор во предметното основно училиште на ден 14.12.2021 година. Државниот просветен инспектор задолжен за извршувањето на овој надзор при своето надлежно постапување констатирал наоди за утврдена фактичка состојба и не биле утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот. За извршениот надзор бил изготвен записник со чија содржина и со утврдената фактичка сосотојба бил запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој немал забелешки. (В*ореднот инспекциски надзор бил извршен од страна на државен просветен инспектор ------- --------------- на ден 14.12.2021 година за што е изготвен Записник број 09-88 од 15.12.2021 година.)*

По разгледување на доставениот Записник за извршен вонреден инспекциски надзор, Државната комисија за спречување на корупцијатаповторно се обрати до ДПИ со барање за вршење **нов инспекциски надзор** во предметното основно училиште, со барање надзорот да го изврши друг инспектор, односно барање за **изземање** на државниот просветен инспектор ------- --------------- од причина што во доставената пријава, инспекторот ------ -------------- е посочен како лице кое е поврзано со директорот на Основното училиште „-------------------" - ---------, --------------- -------------- и Државната комисија за спречување на корупцијата изразува сомневање во однос на неговата објективност , професиналност и интегритет во предметното постапување.

Од страна на Државниот просветен инспекторат на РСМ повторно е постапено по барањето на ДКСК и од страна на друг инспектор извршен е повторен увид и изготвен е Записник број 09-72 од 31.03.2022 година при што се утврдени истите состојби, односно состојбите наведени во пријавата не се потврдени.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека по однос на предметниот случај, постапено е од друг надлежен орган и согласно неговите законски надлежности не се утврдени неправилности по однос на пријавените наводи, така што ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК